Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-860/3
18-05-2021
Скопје/Shkup

Друштво за производство, трговија и услуги
АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ
Бр. 03-21/2021
20.05.2021 год.
Скопје

# ДОГОВОР

## За набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на веб порталот на Министерство за правда

**Склучен помеѓу:**

**1. Министерството за правда на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Димитрие Чуповски" бр.9 Скопје, ЕМБС 4065964 и ЕДБ МК 4030990254525 претставувано од министерот за правда м-р Бојан Маричиќ, (во понатамошниот текст набавувач) од една страна**

2. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ СКОПЈЕ,** со седиште на бул. Партиански Одреди 48/4, 1000 Скопје, со матичен број 6904734, даночен број 4057013523009, жиро сметка 200-0026430354-28 и депонент на Стопанска Банка АД Скопје, претставувано од управителот **Ѓорѓи Констатинов,** (во понатамошниот текст носител на набавката)

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на веб порталот на Министерство за правда, по спроведување на постапка за набавка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка, согласно Одлуката за јавни набавки бр.05-860/1 од 23.03.2021 и Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-860/2 од 04.05.2021 година.

## I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на веб порталот на Министерство за правда.
Носителот на набвката се обврзува за потребите на договорниот орган да ја врши услугата предмет на овој договор и истата во целост мора да одговараат на условите дадени во понудата.
Копија од понудата е составен дел на овој договор.

## II.ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата коресподенција во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## III.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вредноста на Договорот, спрема прифатената понуда доставена од носителот на набавката, изнесува 57.600,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 0,00 денари или вкупно 57.600,00 денари со вклучен ДДВ и согласно сите други јавни давачки согласно законските прописи, трошоци и транспортни трошоци.

| # | Назив | Единица мерка | Кол. | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (5*6) | ДДВ на Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Услуги за превентивно и адаптивно одржување на веб порталот на Министерство за правда | Месечен паушал | 12 | 4.800,00 | 57.600,00 | 0,00 |
| | **Вкупно** | | | | 57.600,00 | |

## IV.ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година од денот на склучувањето на договорот, односно до целосно извршување на услугата предмет на набавката.

## V.ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го врши сукцесивно, во согласност со техничката спецификација опишана во тендерската документација.

Одржувањето ќе се извршува во текот на 12 месеци од денот на склучување на договорот, а по барање и согласно потребите на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите во согласност со роковите дадени во техничките спецификации во тендерската документација.

## VI.НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган плаќањето на предметот на набавка ќе го врши, по извршување на услугата која е предмет на договорот, вирмански на жиро сметка на носителот на набавката, по доставување на фактура во законски

утврдениот рок во архивата на Договорниот орган на ул.Димитрие Чуповски број 9, Скопје.

Фактурата треба да биде одобрена за плаќање од лицето за следење на договорот.за квалитетно и навремена извршена услуга како и прилог кон неа треба да биде уредно заверен записник за квалитетно извршената услуга потпишан од претставници на договорниот орган и носителот на набавката.

Фактурите задолжително да се доставуваат за време траење на договорот освен последната фактура која треба да биде доставена најдоцна 15 дена по истекот на важноста на склучениот договор.

## VII.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 8**

Во овој договор не се предвидуваат разлики во цени на предметот на набавката од Член 2. Цените се фиксни за цело времетраење на договорот.

## VIII.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 9**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по извршување на услугата на услугата која е предмет на набавка во законски утврдениот рок од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

## IX.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата која што е предмет на набавка по барање и согласно потребите на договорниот орган согласно техничката спецификација во тендерската документација.

## X.ВИША СИЛА

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор, до кое би дошло заради виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.
Ако една од договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој Договор, заради виша сила, должен е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
Неисполнувањето на договорените обврски како последици од делување на виша сила, не се смета за кршење на договорот и не се санкционира согласно Договор.

За регулирање на прашањата околу измена на условите на основниот Договор, поради делување на виша сила, договорните страни ќе склучат анекс на договорот, веднаш по нормализирањето на состојбите.

## XI.ОБЕШТЕТУВАЊА

**Член 12**

Во случај на еднострано раскинување на договорот, страната која ке го раскине договорот се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на еднострано раскинување на договорот.

Во случај на раскинување на договорот, поради непочитување на договорот, страната која го прекршува договорот се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на раскинување на договорот.

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување на договорните обврски.

## XII.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 13**

Договорените страни се обврзуваат, меѓусебните спорови да ги решаваат спогодбено, во склад со важечките закони и во духот на овој договор.

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава Основниот граѓански суд Скопје.

## XIII.ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој договор се смета за склучен, со денот на негово потпишување од двете договорни страни.

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени со анекси потпишани од двете договорни страни.

**Член 15**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредби од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во РСМ.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје |
| **Министер за правда** | **Управител** |
| **М-р Бојан Маричиќ** | **Ѓорѓи Константинов** |

Подготвила: Марина Миновска, раководител на одделение

Контролирала: Убавка Матовска Скаловска, раководител на сектор